# Билтен на ИОРРСМ

ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РСМ

За периодот април – јуни 2024 година

Јули, 2024 година

## СОДРЖИНА

1. Резиме

2. Активности на телата на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ)

   а) Управен одбор

   б) Комисија за образование, обука и публикации

   в) Комисија за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор

   г) Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори

   д) Комисија за контрола на квалитетот

   ѓ) Комисија за стандарди за ревизија

3. Судски постапки

## 1. РЕЗИМЕ

Во периодот април – јуни 2024 година, беа усвоени следните:

- ✓ Годишна програма за КПУ за 2024 година.
- ✓ Одлука за одобрување на Препорака за зачленување во ИОРРСМ на овластен ревизор Теодора Ристеска, доставена од Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори.
- ✓ Предлог во врска со спроведување на бесплатна обука за кандидати за полагање на испитот за стекнување звање ревизор во 2024 година.
- ✓ Нов Правилник за внатрешна организација и систематизација на работните места во ИОРРСМ.
- ✓ Оперативен план на ИОРРСМ за 2024 година.
- ✓ Тримесечен извештај за работа на ИОРРСМ за периодот јануари – март 2024 година.

На 22.04.2024 година СУНРРСМ даде согласност на Годишниот извештај за работа на ИОРРСМ за 2023 година.

# НАСТАНИ И СОСТАНОЦИ

На 03 и 18 април 2024 година, претседателот на ИОРРСМ, Ненад Тортевски и Бранка Стојановска, контролор на квалитет во ИОРРСМ, присуствуваа на серија он-лајн настани на тема *Roadmaps to using the IAASB's ISA for LCE in Europe*, во организација на IFAC.

На 22 април 2024 година, претседателот на ИОРРСМ, Ненад Тортевски и генералниот секретар на ИОРРСМ, Татјана Тодоровска, на покана на претседателот на СУНРРСМ присуствуваа на состанок со членовите на СУНРРСМ во нивните простории. На состанокот беа дискутирани акти доставени од страна на ИОРРСМ за добивање на согласност од СУНРРСМ.

Од 16-19 мај 2024 година, Калина Велковска, правник, како претставник на стручната служба на ИОРРСМ, присуствуваше на Меѓународна конференција во организација на Институтот за економско-правни истражувања Јуридика Прима во Охрид на тема *Предизвиците на правото во 21 век*.

На 21 мај 2024 година, генералниот секретар на ИОРРСМ Татјана Тодоровска одржа состанок со претставници на IFAC, во рамките на редовните дискусии за известување на годишно ниво, за разгледување на напредокот и евентуални измени на регулативата или други околности.

На 21 мај 2024 година, генералниот секретар на ИОРРСМ, Татјана Тодоровска проследи он-лајн настан на тема *Embedding Sustainability into Initial Accountancy Training* во организација на IFAC.

На 21 мај 2024 година, претседателот на ИОРРСМ, Ненад Тортевски и генералниот секретар на ИОРРСМ, Татјана Тодоровска и претседателот на ИСОС, Весна Прентоска, присуствуваа на состанок со претставници на CFRR[1]/Светска банка, на кој што се разгледа предлог за воспоставување на национална рамка за испитот за стекнување звање сметководител, овластен сметководител и ревизор/овластен ревизор.

На 23 мај 2024 година, во просториите на ИОРРСМ беше одржан состанок помеѓу претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски, генералниот секретар на ИОРРСМ Татјана Тодоровска и Љубица Јоанидис, член на Управниот одбор на ИОРРСМ, и консултант Нина Бабушковска во рамки на проектот *Зајакнување на внатрешниот пазар* финансиран од ЕУ со своите партнери Министерството за економија и Министерството за финансии, а за потребите на изготвување на *Анализа за проценка на потребите за обуки на засегнатите страни за новините во Законот за ревизија и потребата од обуки за меки вештини*. Меѓудругото, на состанокот беше дискутирана и потребата да се подобри постапка за носење на Законот за ревизија, со вклучување на професијата.

На 28 и 29 мај 2024, Претседателот на ИОРРСМ, Ненад Тортевски, прсуствуваше на настан *Responding to New Requirements and Challenges in Corporate Financial and Sustainability Reporting* во Виена, Австрија. Настанот беше организиран како дел од проектот *REPARIS*[2] *for SMEs in Western Balkans за* Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија. На настанот беше овозможено учесниците да имаат интеракција со експерти и да добијат продлабочени познавања на различни теми поврзани со корпоративна одржливост и финансиско известување, јавен надзор и ревизија.

[1] World Bank, Centre for Financial Reporting Reform (CFRR)
[2] Road to Europe: Programme of Accounting Reform and Institutional Strengthening

# КПУ НАСТАНИ АПРИЛ – ЈУНИ 2024

На 27 мај 2024 година беше спроведен заеднички настан за Континуирано професионално усовршување (КПУ) за овластени ревизори и внатрешни ревизори во организација на Институтот на овластени ревизори на РСМ (ИОРРСМ) и Здружение на внатрешни ревизори на РСМ (ЗВРСМ). Настанот беше спроведен како настан со он-лајн присуство (преку стриминг - Webex) за кој што се признаваа 6 КПУ часови. Темата на настанот беше *Меки вештини, growth mindset, постојано подобрување и емоционална интелигенција*. Предавач на настанот беше д-р Лазар Ѓуров од Симбиотика - Институт за личен и корпоративен развој.

На 03 јуни 2024 година беше спроведен КПУ настан за овластени ревизори како настан со он-лајн присуство (преку стриминг - Webex) за кој што се признаваа 4 КПУ часови. Тема на настанот беше *Транспарентност во работењето на финансиските институции и приватниот сектор*. Предавачи на настанот беа Гоце Трајковски и Јасна Смилева, членови на македонската делегација во Комитетот на експерти за спречување перење пари и финансирање на тероризам во Советот на Европа (Moneyval).








На 17 и 18 јуни 2024 година, ИОРРСМ организираше КПУ за овластени ревизори, со физичко присуство во ресторан Рагуза 360°, Скопје, за што се признаваа 8 КПУ часа по ден. Во рамки на КПУ настанот што се одржа на 17 јуни 2024 година со пригоден коктел, се одбележа 18 - годишнината од постоењето на ИОРРСМ.

Темите на настанот на 17 јуни беа во контекст на процесот на добивање на лиценца за овластен ревизор како важен чекор во градење на професионална кариера, значењето на ИОРРСМ - членка на IFAC како единствена организација на овластените ревизори, улогата на внатрешната ревизија во системот на контрола кај банките, предизвици со кои се соочува ревизијата во Македонија и светот и какви се очекувањата за иднината.

Предавачи на овој настан беа членовите на Комисијата за образование, обука и публикации: Александра Кузмановска (претседател), Жарко Михајловски, Славица Пековиќ, Марија Божиновски, Кристина Куновска, Благица Шорева, Александра Кузмановска.

Темите на настанот одржан на 18 јуни ги опфатија МСФИ 1 – првично усвојување на меѓународните стандарди за финансиско известување, промени во МСС и МСФИ








пропишани во Правилникот за водење на сметководство во примена на 1 јануари 2025 година, МСФИ 16 – Наеми. Предавачи на настанот беа овластените ревизори Александра Кузмановска од Друштво за ревизорски услуги ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје и Благица Шорева од Друштво за ревизија

КПМГ Ревизија ДОО Скопје. На настанот беше презентирана и ексел алатка за избор на примерок во ревизијата, изготвена од Speed Momentum.

Согласно Годишната програма за КПУ за 2024 година, ИОРРСМ во соработка со Друштво за ревизорски услуги ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје, оваа година ќе овозможи следење на интерактивна е-обука за КПУ (e-learnings) преку он-лајн пристап.




Понудени се три стандардни и три актуелни модули. За проследени 3 стандардни модули (Пакет 1) или 3 актуелни модули (Пакет 2) се признаваат по 4 КПУ часа. За проследени 6 модули (Пакет 1 и 2) се признаваат вкупно 8 КПУ часа. За проследен 1 модул (од било кој пакет) се признава по 1 КПУ час.

Модулите ќе бидат достапни за следење до 15.01.2025 година, со тоа што доколку учесниците ги ислушаат истите заклучно со 15.01.2025, ќе се сметаат како КПУ часови остварени за 2024 година

## 2. Активности на телата на ИОРРСМ

### а) Управен одбор

Управниот одбор ги одржа 232-та, 233-та, 234-та, седница на кои што ги усвои/одобри следните:

- Одлука за одобрување на Препорака за зачленување во ИОРРСМ на овластен ревизор Теодора Ристеска, доставена од Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори.
- Годишна програма за КПУ за 2024 година.
- Предлог во врска со спроведување на бесплатна обука за кандидати за полагање на испитот за стекнување звање ревизор во 2024 година, доставен од Комисијата за образование, обука и публикации.
- Одлука за утврдување на надоместокот за одржано предавање на обука за кандидати за полагање на испитот за стекнување звање ревизор.
- Нов Правилник за внатрешна организација и систематизација на работните места во ИОРРСМ.
- Оперативен план на ИОРРСМ за 2024 година.
- Тримесечен извештај за работа на ИОРРСМ за периодот јануари – март 2024 година.

Управниот одбор ги разгледа: ажурираниот Годишен план за проверки на контрола на квалитетот за 2023/2024 година (Термински план) бр. 1405-278/2 од 20.05.2024 година, Извештајот за спроведување на испитот во испитната сесија декември 2024 година, усвоен од Комисијата за спроведување на испитот, Планот за спроведување на испитот од страна на Комисијата за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор за 2024 година. Управниот одбор го разгледа Извештајот за спроведување КПУ во 2023 година, доставен од Комисијата за образование обука и публикации, како и Извештајот за периодична контрола на документацијата за 2023 година, реализирана во 2024 година, доставен од страна на Комисијата за регистрација.

Управниот одбор разгледуваше предлози, барања и информации доставени до Управниот одбор од страна на членовите и комисиите на ИОРРСМ, дописи доставени од СУНРРСМ, како и од страна на надворешни заинтересирани страни.

### б) Комисија за образование, обука и публикации

Комисијата за образование, обука и публикации:

- Организираше подготвителни активности за спроведување на настани за КПУ во 2024 година согласно Годишната програма за КПУ за 2024 година.
- Усвои предлог до Управниот одбор за одржување на бесплатни обуки за кандидати што полагаат испит за стекнување звање ревизор.
- Го одобри Билтенот на ИОРРСМ за јануари - март 2023 година.
- Разгледуваше доставени документи во врска со барање за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство.
- Усвои информација во врска со годишна и тригодишна евиденција за остварени КПУ часови за овластени ревизори за период 2023-2022-2021 година, како и исполнување на обврската за надополнување на КПУ часови за претходни периоди, согласно член 28 од Законот за ревизија за доставување до Управниот одбор на ИОРРСМ.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## в) Комисија за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор

Комисијата за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор:

- Комисијата ги разгледа доставените барања и придружната документација од заинтересираните кандидати по објавениот повик за пријавување на кандидати, за утврдување на исполнување на условите за полагање на испитот за стекнување звање ревизор.
- Комисијата усвои список на кандидати кои пријавиле испити во испитната сесија јуни/јули 2024 година и утврди датуми за полагање на испитите во сесијата јуни/јули 2024 година.
- Комисијата и назначи координатор, одгов орно лице, набљудувачи и оценувачи за испитната сесија јуни/јули 2024 година.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со спроведување на испитот за стекнување звање ревизор и постапката за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство, како и актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## г) Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори

Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори:

- Усвои Извештај за периодична контрола на документацијата за 2023 година, прегледана од комисијата за регистрација во 2024 година.
- Разгледуваше барање за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство.
- Усвои Предлог за измени и дополнување на Правилник за начинот и постапката на добивање уверение ревизор за лица кои поседуваат квалификација за ревизор стекната во странство.
- Усвои предлог за надоместок за признавање испити во постапката за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство на ИОРРСМ.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## д) Комисија за контрола на квалитетот

Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги:

- Усвои Квартален извештај за спроведени контроли за известување до СУНРРСМ со состојба на 31.03.2024 година.

Комисијата разгледуваше актуелни прашања поврзани со спроведување на годишниот план за контрола на квалитет за 2023/2024 година. Контролорот на квалитет извршуваше активности поврзани со спроведување на контрола на квалитет според Годишниот план за контрола на квалитет за 2023/2024 година.

Комисијата извршуваше активности поврзани со спроведување на контрола на квалитет и разгледуваше други актуелни прашања поврзани со надлежностите на комисијата согласно Статутот.

## ѓ) Комисија за стандарди за ревизија

Комисијата за стандарди за ревизија:

- Го одобри Поимникот на Меѓународните стандарди за ревизија објавени од IFAC, преведен од англиски на македонски јазик.
- Го разгледува ажурираниот превод на Меѓународните стандарди за ревизија објавени од IFAC, од англиски на македонски јазик.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## 3. Судски постапки

### I. Управни спорови

На 25.06.2024 година, овластен ревизор Стојанчо Коцев, поведе управен спор против Одлука за изрекување на дисциплинска мерка – трајно исклучување од членство во ИОРРСМ пред Управен суд Скопје. Одлуката за изрекување на дисциплинска мерка беше донесена согласно напатствија од Пресуда на Управен суд – Скопје во постапка за повторно одлучување.

Во врска со управен спор поведен против Одлука за изрекување на дисциплинска мерка од страна на Управниот одбор на ИОРРСМ, по пресуда во полза на ИОРРСМ, незадоволната страна ТП Ревизор Бабамов – Струмица, вложи жалба пред Вишиот управен суд. Постапката е во тек.

### II. Други судски спорови

Во периодот април-јуни 2024 година, други судски спорови не се поведени.

**Јули, 2024 година**